Врз основа на член 29-л од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05 и 40/07) министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за начинот на определување на носителот на правото на социјална парична помош, прикажување на приходите на лице, семејство или домаќинство при поднесување на барање за остварување на правото и потребната документација за потврдување на состојбата на приходите

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на определување на носителот на правото на социјална парична помош, прикажување на приходите на лице, семејство или домаќинство при поднесување на барање за остварување на правото и потребната документација за потврдување на состојбата на приходите во текот на корисењето на правото на социјална парична помош.

## Член 2

Носителот на правото на социјална парична помош, се определува според следниов редослед:

а) за домаќинството во кое има вработено лице-вработеното лице;

б) за домаќинството во кое нема вработено лице, но има корисник на пензија - членот кој е корисник на пензија;

в) за домаќинството во кое нема вработено лице или корисник на пензија, -лице кое не е вработено;

г) за домаќинството во кое нема вработено лице, корисник на пензија или лице кое не е вработено, но има корисник на постојана парична помош - членот кој е носител на правото на постојана парична помош;

д) за сите други домаќинства - членот на домаќинството одреден од надлежниот центар за социјална работа.

Во случаите кога носителот на правото од став 1 на овој член не е во состојба да ги исполнува своите обврски (несоодветно лице поради неписменост, алкохолизам, наркоманија, насилничко однесување, вмешаност во криминал и сл.), центарот за социјална работа ќе определи лице од семејството или домаќинството за носител на правото.

## Член 3

Носител на правото на социјална парична помош еднаш годишно поднесува барање од член 29-г од Законот за социјалната заштита и ја обновува документацијата, за себе и членовите на семејството или

домаќинството, заради остварување на правото од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е поднесено барањето.

**Член 4**

Во текот на користењето на правото на социјална парична помош, носителот на правото ја потврдува состојбата на приходите за себе и членовите на семејството или домаќинството и тоа:

-носителот на правото кој е во работен однос доставува документи за приходите на семејството или домаќинството тримесечно;

-носителот на правото кој е корисник на пензија доставува документи за приходите на семејството или домаќинството годишно;

-носителот на правото кој не е вработен, статусот на невработено лице за себе и за членовите на неговото семејство или домаќинство кои не се вработени, го потврдува секој месец, со своја изјава дадена пред надлежниот центар за социјална работа, на датум определен од центарот;

-носителот на правото кој е корисник на постојана парична помош согласно со Законот за социјалната заштита, доставува документи за приходите на семејството или домаќинството годишно;

-за сите други домаќинства, носителот на правото доставува документи за приходите на семејството или домаќинството тримесечно.

**Член 5**

Приходите на лицето, семејството или домаќинството се утврдуваaат врз основа на поднесени документи и тоа за:

1. Плата и надоместок на плата;
2. Пензија (старосна, семејна, инвалидска, боречка, земјоделска и странска) ;
3. Надоместоци за невработени;
4. Постојана парична помош;
5. Приходи по основа на имот и имотни права;
6. Приходи по основа на вршење на земјоделска дејност;
7. Приходи од вршење на стопанска и професионална дејност со личен труд;
8. Приходи по основа на привремена работа во странство;
9. Алиментации;
10. Дивиденди и камата од заштеди;
11. Цивилна инвалиднина;
12. Обврзници по основа на старо девизно штедење;
13. Други приходи.

За приходите од став 1 точките 1,2,3,4,9, и 11 од овој член, подносителот на барањето доставува потврда од соодветен надлежен орган.

За приходот од став 1 точка 1 од овој член, поднеситeлот на барањето доставува доказ од работодавецот дека тој односно друг член од неговото домаќинство, е во работен однос. За приходите од став 1 точките

5, 6, и 7_ од овој член подносителот на барањето доставува потврда од органот за јавни приходи од сооветното подрачје.

За приходите од став 1 точка *8* од овој член, подносителот на барањето доставува потврда, а доколку не достави потврда а има член на семејство или домаќинството кој е на привремена работа во странство, се смета дека е социјано обезбеден.

За приходите од став 1 точка 10, 12 и 13 од овој член, подносителот на барањето доставува потврда, а доколку не остварува таков приход потпишува писмена изјава.

**Член 6**

За утврдување на имотната состојба на лицето, семејството или домаќинството од член 29-е од Законот за социјалната заштита, подносителот на барањето доставува:

-потврда издадена од надлежниот орган за јавни приходи, како доказ дека не поседува друга семејна куќа или стан, односно објект во градба или деловен простор;

-потврда од Управата на Министерството за внатрешни работи, како доказ дека не поседува возило употребливо за комерцијални цели (комбе, автобус, камион, такси), комбајн или трактор во возна состојба, како и регистрирано моторно возило кое не го оттуѓил во последните 12 месеци пред поднесување на барањето;

-поседовен лист издаден од геодетската управа, договор за закуп или договор за користење на замјоделско земјиште на плодоуживање, како доказ дека не поседува или обработува земјиште со површина поголема од 7.000 м2, во кое земјиштето распоредено во 4-та и 5-та катастарска класа се засметува со 40% од фактичката површина, а земјиштето распоредено во 6-та, 7-ма и 8-ма катастарска класа се засметува со 20% од фактичката површина;

За утврдување на поседување на добиток од кој лицето, семејството или домаќинството може да егзистира, како и за заштеди во вредност од над 50.000 денари, подносителот на барањето потврдува со изјава дадена пред надлежниот центар за социјална работа.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.